**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 јуни 2023 година

## Соопштение за печат

## Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: прв квартал 2023 година

На крајот на првиот квартал од 2023 година, **бруто надворешниот долг** изнесува 11.080 милиони евра и забележа квартално зголемување од 224 милиони евра. **Бруто надворешните побарувања** се зголемија за 344 милиони евра и изнесуваат 6.851 милион евра. Поголемото квартално зголемување на побарувањата во однос на обврските доведе до намалување на **нето надворешниот долг** за 120 милиони евра, така што на крајот на март 2023 година тој изнесува 4.229 милиони евра.

### Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

| | 31.12.2022 | | 31.03.2023 | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **10,855.8** | **84.2** | **11,079.8** | **78.1** | **224.1** | **2.1** | **-6.1** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | ***10,411.0*** | ***80.7*** | ***10,847.1*** | ***76.5*** | ***436.1*** | ***4.2*** | ***-4.3*** |
| Долгорочен долг | 7,811.0 | 60.6 | 8,287.3 | 58.4 | 476.3 | 6.1 | -2.1 |
| Краткорочен долг | 3,044.8 | 23.6 | 2,792.5 | 19.7 | -252.3 | -8.3 | -3.9 |
| *Краткорочен долг без репо* | *2,600.0* | *20.2* | *2,559.8* | *18.0* | *-40.2* | *-1.5* | *-2.1* |
| Јавен долг | 5,205.5 | 40.4 | 5,395.3 | 38.0 | 189.8 | 3.6 | -2.3 |
| *Јавен долг без репо* | *4,760.8* | *36.9* | *5,162.6* | *36.4* | *401.8* | *8.4* | *-0.5* |
| Приватен долг | 5,650.3 | 43.8 | 5,684.5 | 40.1 | 34.3 | 0.6 | -3.7 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **6,507.1** | **50.5** | **6,850.7** | **48.3** | **343.6** | **5.3** | **-2.2** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***6,362.5*** | ***49.3*** | ***6,773.9*** | ***47.8*** | ***411.4*** | ***6.5*** | ***-1.6*** |
| **Нето надворешен долг** | **4,348.6** | **33.7** | **4,229.1** | **29.8** | **-119.5** | **-2.7** | **-3.9** |
| ***Нето надворешен долг без репо*** | ***4,048.6*** | ***31.4*** | ***4,073.2*** | ***28.7*** | ***24.7*** | ***0.6*** | ***-2.7*** |
| **МИП, нето** | **-8,150.8** | **-63.2** | **-8,100.9** | **-57.1** | **49.9** | **-0.6** | **6.1** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2022 година е проценет (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, прво тримесечје од 2023 година" од 5.6.2023 година). Податокот за 2023 година е проекција на НБРСМ (мај, 2023 година).
Извор: НБРСМ, ДЗС.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција**[1], на крајот на март 2023 година, изнесува 8.101 милион евра, или 57,1% од проектираниот БДП[2] за 2023 година. Најголемиот дел од овој износ, или 86%, се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 70% се врз основа на сопственички капитал.

[1] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Северна Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезиденти врз основа на финансиски инструменти. Притоа, негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.
[2] Податокот за БДП за 2023 година е проекција на НБРСМ (мај 2023).

## *Бруто надворешен долг*

На крајот на март од 2023 година, бруто надворешниот долг изнесува 11.080 милиони евра (или 78,1% од проектираниот БДП) и бележи квартално зголемување од 224 милиони евра (или за 2,1%). Доколку се изземе влијанието на специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка[3] врз долгот, бруто-долгот бележи квартално зголемување од 436 милиони евра. Оваа квартална промена е резултат на зголемениот јавен долг (за 402 милиона евра) и приватен долг (за 34 милиони евра). Кварталното зголемување на јавниот надворешен долг е резултат на растот на долгот на секторот „држава“ за 449 милиони евра, заради издавањето нова еврообврзница[4], додека обврските на јавните претпријатија и јавните банки се намалија за 46 милиони евра. Растот на приватниот долг се должи на зголемениот долг на меѓусебно поврзаните субјекти (за 160 милиони евра) при намален долг на приватните банки (за 108 милиони евра) и на небанкарскиот приватен сектор (за 18 милиони евра).







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Бруто надворешни побарувања*

Бруто надворешните побарувања, на крајот на првиот квартал од 2023 година, изнесуваат 6.851 милион евра (или 48,3% од проектираниот БДП) и забележаа квартално зголемување од 344 милиони евра (или за 5,3%). Доколку се изземе влијанието на специфичните активности на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви, бруто надворешните побарувања се зголемени за 411 милиони евра и изнесуваат 6.774 милиони евра. Оваа квартална промена е резултат на зголемените јавни побарувања за 270 милиони евра и зголемените приватни побарувања за 141 милион евра. Кварталниот раст на

[3] Специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка се однесуваат на репо-договорите и други операции поврзани со управувањето со девизните резерви. При случувањето на овие трансакции се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми“) коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Во исто време, при случувањето на овие трансакции во обратна насока, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на брутопобарувањата. Гледано во целина, овие трансакции имаат неутрален ефект на нето-основа доколку се случуваат истовремено во ист износ. Доколку склучените трансакции не се со идентичен износ во двете насоки, тие имаат влијание врз бруто и нето надворешниот долг и бруто-побарувањата.

[4] Деветта емисија на еврообврзници во номинален износ од 500 милиони евра.

надворешните побарувања кај приватниот сектор е резултат на зголемените побарувања на меѓусебно поврзаните субјекти (за 197 милиони евра) и небанкарскиот приватен сектор (за 59 милиони евра), при намалени побарувања на приватните банки (за 115 милиони евра).







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Нето надворешен долг*

На 31.3.2023 година, нето надворешниот долг изнесува 4.229 милиони евра (или 29,8% од проектираниот БДП). Нето надворешниот долг на земјата во првиот квартал од 2023 година е намален за 120 милиони евра, или за 2,7%. Од аспект на структурата, приватниот нето-долг и натаму има поголемо учество во вкупниот нето-долг со 63%.







Извор: НБРСМ, ДЗС.

## *Меѓународна инвестициска позиција, нето*

Во текот на првиот квартал од 2023 година негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) е намалена за 50 милиони евра и изнесува 8.101 милион евра, што претставува 57,1% од проектираниот БДП за 2023 година.

Кварталното намалување на негативната нето МИП произлегува од поинтензивното зголемување на средствата (за 423 милиони евра) во однос на зголемените обврски (за 373 милиони евра). Гледано по инструменти, нето-обврските врз основа на должнички инструменти бележат намалување за 120 милиони евра, додека нето-обврските врз основа на сопственички инструменти се зголемени за 70 милиони евра.

## Меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

| МИП, по инструменти | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | Кв.1 2022 | Кв.2 2022 | Кв.3 2022 | Кв.4 2022 | Кв.1 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Меѓународна инвестициска позиција, нето** | **-5,082.7** | **-5,576.0** | **-5,822.5** | **-6,039.5** | **-6,458.4** | **-6,900.6** | **-7,244.9** | **-7,716.3** | **-7,751.4** | **-7,833.2** | **-8,150.8** | **-8,100.9** |
| **Средства** | **4,571.9** | **5,171.3** | **5,157.3** | **5,913.6** | **6,163.8** | **6,172.5** | **7,041.4** | **7,066.8** | **7,542.1** | **8,323.7** | **7,687.9** | **8,111.1** |
| Директни инвестиции | 655.0 | 811.9 | 967.6 | 896.2 | 936.8 | 784.3 | 915.5 | 1,304.1 | 1,311.4 | 1,470.9 | 1,020.3 | 1,222.4 |
| Портфолио инвестиции | 212.6 | 255.2 | 300.2 | 321.2 | 406.1 | 470.9 | 650.0 | 626.7 | 611.4 | 617.4 | 695.3 | 726.4 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 1.0 | 1.2 | 2.8 | 2.9 | 4.4 | 4.5 | 6.0 | 6.0 | 2.7 | 3.1 | 3.1 | 2.7 |
| Валути и депозити | 615.4 | 627.3 | 635.5 | 694.0 | 580.0 | 562.9 | 657.6 | 648.3 | 684.5 | 670.3 | 653.5 | 561.9 |
| Заеми | 67.1 | 52.1 | 56.1 | 74.5 | 79.1 | 87.3 | 125.9 | 95.9 | 520.4 | 522.2 | 224.4 | 157.2 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 757.4 | 809.6 | 858.8 | 1,057.2 | 894.4 | 902.3 | 1,042.3 | 1,112.8 | 1,295.0 | 1,285.5 | 1,228.2 | 1,281.0 |
| Останати сметки за наплата | 1.7 | 0.5 | 0.1 | 0.5 | 0.3 | 0.4 | 0.9 | 0.5 | 0.5 | 0.5 | 0.3 | 0.2 |
| Девизни резерви | 2,261.8 | 2,613.4 | 2,336.3 | 2,867.1 | 3,262.6 | 3,359.9 | 3,643.3 | 3,272.5 | 3,116.1 | 3,753.8 | 3,862.9 | 4,159.2 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **Обврски** | **9,654.6** | **10,747.3** | **10,979.8** | **11,953.0** | **12,622.2** | **13,073.1** | **14,286.3** | **14,783.1** | **15,293.5** | **16,156.9** | **15,838.7** | **16,212.0** |
| Директни инвестиции | 4,951.3 | 5,392.2 | 5,598.1 | 6,141.3 | 6,580.0 | 6,537.1 | 7,089.2 | 7,582.0 | 7,723.4 | 8,076.2 | 7,864.9 | 8,173.6 |
| Портфолио инвестиции | 848.8 | 1,362.2 | 1,476.3 | 1,813.2 | 1,730.7 | 2,103.8 | 2,159.2 | 2,014.5 | 1,820.3 | 2,037.9 | 2,110.2 | 2,567.8 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 4.3 | 6.0 | 2.3 | 4.2 | 4.0 | 5.0 | 2.7 | 3.0 | 3.3 | 3.4 | 3.4 | 3.4 |
| Валути и депозити | 148.5 | 174.2 | 195.2 | 206.2 | 254.2 | 253.3 | 297.3 | 442.8 | 484.9 | 467.6 | 471.0 | 363.4 |
| Заеми | 2,961.7 | 3,014.7 | 2,872.0 | 2,883.4 | 3,100.9 | 3,267.2 | 3,580.3 | 3,502.8 | 3,988.3 | 4,223.4 | 4,058.4 | 3,809.5 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 656.7 | 714.6 | 757.7 | 824.8 | 871.1 | 827.8 | 910.3 | 989.3 | 1,020.4 | 1,084.0 | 1,080.7 | 1,045.9 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски) | 83.2 | 83.2 | 78.2 | 79.8 | 81.3 | 77.4 | 247.3 | 248.6 | 252.8 | 264.5 | 250.1 | 248.4 |

Извор: НБРСМ.







Извор: НБРСМ, ДЗС.

***Придружни информации***

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/nadvoresen_dolg.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/megunarodna_investiciska_pozicija.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/content/statistika/ND/metodologija/Metodologija_nadvoresen_dolg_5_2_2018.pdf

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/content/statistika/mip/metodologija/Metodologija_MIP_BPM6_9_10_2018.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 29 септември 2023 година (референтен пресек заклучно со јуни 2023 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).